# *Тивок Час*

**Цртежи: Тим Шаjри**

**Издавач :**
**CEF European Centre**
**Kilchzimmer CH-4438**
**Langenbruck**
**Switzerland**

ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.

Copyright © 1995 by European Child Evangelism Fellowship
Сите права придржани. Преведено со дозвола
За македонското издание одговара Павле Костадинов
Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба.
За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk

УЧИТЕЛИ, ова упатство е напишано да ви помогне да ги поучувате вашите ученици како да имаат лично време со Бог секој ден: "Тивок Час."

Овде има предлози за единаесет седмици. Времето за поучување одзема околу десет минути неделно. Ако поглавјата ви изгледаат многу долги, можете да ги поделите на два дела.

Запомнете дека многу возрасни верници немаат редовно лично време со Бог. Дури и ако родителите на вашите ученици се христијани, тие може да не покажуваат пример во оваа област од нивните животи. Вие, учителот, можете да бидете најдобар пример за децата. Осигурете се дека уживате во привилегијата да бидете со Бог секој ден. Како што Господ ве благословува преку заедништвото со Него, зборувајте им на децата со одушевеност за вашите искуства. Вашиот пример е исто толку важен како и вашата поука!

## Прв дел

# Што е тивок час?

*( Пред да им ја покажете корицата)*

Колку од вас мислат дека се прилично добри детективи? Добриот детектив врши набљудувања, што значи дека тој внимателно го разгледува секој доказ поставен пред него. Тој исто така добро го слуша сè она што е кажано за да ги пронајде смерниците потребни да му дадат одговор на неговите прашања. Прашањата кои што ние ќе ги поставуваме ќе ни помогнат да научиме нешто многу важно за христијанин кој сака да напредува. Јас имам дури и бележник за секој од вас за да ги запишувате смерниците; тоа ќе ви помогне да го запомните сè она што ќе го откриваме секој час. (Учители, набавете за секој ваш ученик по еден мал бележник.)

*(Покажете ја корицата)*

Еве ја нашата прва смерница. Сега погледни одблизу. Дали мислиш дека момчето на сликата е христијанин? (Да.) Од каде знаеш? (Тој се моли и ја чита својата Библија)

Сега убаво размисли пред да одговориш на следното прашање. Дали молењето и читањето на Библијата можат да те направат христијанин? (Не!) Ако тоа не може да те направи христијанин, тогаш што те прави? (Верувањето во Господ Исус како личен Спасител.) (Учителе, прифатете го секој одговор со исто значење: употребете библиски стих за да ги поткрепите одговорите на децата, како на пример Јован 3:16; Дела 16:31.)

Многу добро. Сега ќе ви дадам некои важни информации за ова момче. Тој веќе го има примено Господ Исус како негов Спасител. Можете ли да ми објасните што прави тој ? (Има тивок час.)

Да, ова момче го сака Господ Исус, па се разбудил рано (во 7 часот) наутро да помине време со Него пред да биде зафатен со други обврски.

Во текот на следните неколку седмици ќе откриеме некои смерници кои што ќе ни покажат како да имаме тивок час-посебно време во кое ќе бидеме со Бог секој ден. Ако веруваш во Господ Исус како Спасител, потребно е да размислиш да започнеш да имаш тивок час секој ден.

*(Пред да завртите на страна 1)*

Сакаме да откриеме неколку смерници кои ќе ни помогнат точно да дознаеме што е тивок час. На следната страница ќе ја најдеме првата смерница. Кое е првото нешто што треба да е вклучено во тивкиот час? (Читањето Библија.)

Зошто мислиш дека е потребно да се чита Библијата? (Таа е Божји збор.) Точно! Помисли за некои причини зошто би сакал да го читаш Божјиот Збор. Одговори ги за себе следниве три прашања:

1. Дали сакаш добро да го запознаеш Бог? - тогаш ти е потребно да ја читаш Библијата.

2. Дали би сакал да знаеш што Бог мисли за тебе? - во Библијата Тој ти кажува каков си ти навистина одвнатре. Библијата нè потсетува дека додека луѓето можат да те видат само однадвор, Бог може да го види твоето срце Тој ги знае твоите мисли и твоите желби. Тој знае зошто ги вршиш нештата кои ги правиш

3. Дали навистина сакаш да знаеш како Господ Бог сака ти да живееш? - Тоа ти го кажува во Неговиот Збор, Библијата.

Кои се трите причини за христијанин да сака да ја чита Библијата како дел од својот тивок час? (Учителе, водете ги децата во набројувањето на горните три одговори. Подгответе едно дете да го прочита Откровение 3:20 или прочитајте го вие.)

____________________ ќе го прочита Откровение 3:20. Овој стих ќе нè доведе до следната смерница која ќе ни помогне да откриеме што се случува за време на твојот тивок час. (Прочитајте го стихот.) Господ Исус тука вели дека кога ќе дојде во твојот живот, Тој ќе вечера со тебе и ти со Него. Во друг превод на Библијата вели "јаде ". Тоа значи дека Тој сака да дојде, да го сподели твојот живот во сè што правиш. Тој е заинтересиран за тебе. Тој те сака. Тој се грижи за сè што ти се случува и сака да Му кажуваш за сè.

Што е тоа разговор со Бог? (Молитва.) Точно, тоа е под број два на нашата страна со смерници. За време на тивкиот час ти ќе слушаш како Бог зборува преку Неговиот Збор, но тоа исто така е и време кога ти Му кажуваш за некои работи кои ти се важни

тебе. Тивок час е време на споделување. Тоа е како разговор со пријател. Кога му зборуваш на Бог во молитва можеш да Му кажеш колку Го сакаш и да Го замолиш да ти покаже посебни работи од Неговиот Збор. Можеш да Го замолиш да ти помогне и да те благослови, како и да се грижи за другите.

Нашата трета смерница е исто важна. Дали знаете што значи зборот "медитира"? (Нека прво кажат тие што имаат идеја.) Тоа значи да размислуваш. Кога поминуваш време со Бог во твојот тивок час, не сакаш набрзина да поминеш само за да кажеш дека си имал тивок час. Треба да бидеш добар детектив и да одвоиш доволно време да размислуваш внимателно за она што го читаш и му го кажуваш на Бог во молитва. Можеби Бог има нешто посебно да ти каже. Мора да слушаш, да размислуваш, да се молиш додека бараш смерници за тоа што Бог сака ти да знаеш и правиш.

## Втор дел
## Зошто е потребно да имаш тивок час?

Денес ќе разгледаме уште неколку причини зошто е потребно да имаш тивок час. Зошто му е потребно на христијанин да има тивок час? (Нека децата се обидат да одговорат.)

Сега да погледнеме во Библијата, Божјиот Збор, за уште две други причини кои што ќе ни помогнат да разоткриеме зошто е потребно да имаш тивок час.

Првиот пример го гледаме во Матеј 4:3,4 (нека чита некое дете).

Во оваа глава од Библијата гледаме дека Господ Исус беше многу зафатен. Тој имаше направено големо чудо, нахранувајќи повеќе од 5000 луѓе само со пет векни леб и две мали риби. Но кога сето тоа се заврши, Тој ги испрати од себе Неговите ученици како и луѓето пред кои го направи чудото. Зошто Тој го направи ова? (Сакаше да биде целосно сам со Неговиот Татко.)

Ова не се случи само еднаш - Господ Исус да помине време сам заедно со Бог. И тебе ти треба такво време кога ќе можеш да бидеш целосно сам со Бог за да можеш да зборуваш со Него и да го слушаш.

Се разбира добро е да посетуваш неделно училиште, црква или некој друг христијански детски клуб за да бидеш со други христијани. Таму може да се научи повеќе за Бог и заедно со другите да го славиш, но ако навистина сакаш твоето пријателство со Господ Исус да се продлабочи и да расте, потребно е насамо да поминуваш време со Него, запознавајќи го што повеќе.

Дали некогаш си се преселил или си отишол во ново училиште? На почетокот не е толку едноставно, бидејќи никого не познаваш. Потребно ти е да се спријателиш со некого. Дури откако ќе запознаеш пријатели можеш да уживаш во новото училиште.

За да станеш добар пријател со некого, треба да поминеш многу време зборувајќи и запознавајќи се меѓусебно. Заедничката работа може исто така да ве зближи.

Господ Исус сака да поминуваш време со Него, запознавајќи го. Тој е заинтересиран за сѐ што правиш и за сѐ што ти се случува. Одвои посебно време за Него секој ден.

## Трет дел
## Кога и каде да имаш тивок час?

Ако си подготвен да започнеш да имаш тивок час, има две важни прашања кои што треба да ги одговориш. Првото е КОГА да имаш тивок час? (Покажете ја корицата.)

Да го разгледаме примерот со ова момче. Кога тој има тивок час? (Во 7 часот наутро.)

Тој сметал дека најдобро време за него е наутро, уште пред да стане од кревет. Но има една опасност да си во кревет за време на твојот тивок час. Можеш ли да кажеш зошто? (Ако си поспан наутро, можеш повторно да заспиеш кога седиш во кревет. Подобро е да станеш од креветот и да седнеш на стол или маса.)

*(Вратете се на страна 3)*

Можеби ова ќе биде добро време за тебе, но можеби постои некое друго кое што ќе ти биде најдобро. Господ Исус секогаш

се будеше многу рано за да биде сам со Бог. Но Тој наоѓаше и друго време во текот на денот и ноќта да биде со Бог.

Па така, потребно е да го избереш она време кое ќе ти биде најпогодно. Тоа може да биде пред или после појадокот. Или пак веднаш после училиште, или пред вечерата - или пред да си легнеш!

Важно е да имаш посебно време, а подобро е ако е во ист термин секој ден, па така тоа да ти стане една добра и важна навика во твојот живот.

Можеш ли да се сетиш на друго време кога ти можеш да го имаш твојот тивок час? (Нека децата дадат свои предлози.)

Разгледавме различни термини во кои што можеш да имаш тивок час. Сега, да размислиме повторно. Нашето второ важно прашање е "КАДЕ треба да имаш тивок час".

Слушнете ја случката со една млада христијанка која што беше, барем така изгледаше, во една невозможна ситуација. Обиди се да ги пронајдеш смерниците кои што ќе ти помогнат да го најдеш вистинското место каде што ќе можеш да го имаш својот тивок час.

Сара беше најмалата, во семејство со четири деца. Таа имаше две сестри и еден брат, сите постари од неа. Таа ја делеше својата соба со една од сестрите. Секогаш беше многу бучно и сите беа премногу зафатени во нејзината куќа, со пријателите во училиште и надвор после часовите, а наутро сите брзаа да појадуваат и да го фатат училишниот автобус.

Во Клубот на Добрата Вест, учителот им зборувал колку е важно да се има тивок час секој ден, ако навистина го сакаат Господ Исус и сакаат да го запознаат подобро.

"Тивок час- во нашата куќа?" - мислеше Сара. "Тоа е невозможно. Никогаш не било тивко и јас не можам да најдам дома такво место каде што ќе бидам потполно сама!"

Еден ден откако заврши клубот, таа остана и зборуваше со учителот за својот проблем.

"Сара"-ѝ рече учителот. "Ајде да се помолиме и да побараме од Бог да ти покаже тивко место каде што ти ќе бидеш потполно сама." Го направија тоа. Се молеа заедно и учителот ѝ вети дека ќе продолжи да се моли за неа сè додека таа не најде тивко место во својата куќа.

Следната недела, Сара имаше добри вести за учителот. "Најдов време кога моите сестри и брат ми ме оставаат сама. Тогаш сите треба да бидеме тивки. Кога учиме по вечерата, мајка ми нè тера да бидеме тивки и да работиме во одделни соби,"-рече таа. "Тогаш јас ја замолив и таа ми дозволи да го започнам учењето со читање на Библијата и молитва! Тоа многу ми помага подобро да ја изработам домашната, откако најнапред се помолам!"

Како Сара најпосле го пронајде вистинското место?

1. Таа бараше и размислуваше за тивко место.

2. Таа побара помош од повозрасен да ѝ помогне во размислувањето за место.

3. Таа се молеше и бараше Бог да ѝ помогне.

Можеби ќе треба добро да размислиш за да го пронајдеш вистинското тивко место каде што ќе бидеш сосема сам. Но ако навистина сакаш, Бог ќе ти помогне да најдеш време и место да бидеш насамо со Него.

## Четврт дел
# Како да ја читаш Библијата кога имаш тивок час (1)

*(Страна 5)*

Најдовме многу смерници кои што ни помогнаа да одговориме на многу прашања сврзани со нашиот тивок час, но денешното прашање е многу важно. Една нешто е да ни се каже колку е важно да се направи нешто, но пред да може да го направиме, треба да знаеме како да го правиме. Поттикнете ги децата да го пишуваат секој чекор во својот бележник.

Да се потсетиме на трите смерници кои ни кажаа што е тивок час, за да ни помогнат да започнеме да учиме како да имаме тивок

час. Кои се тие три важни работи кои се потребни да ги правиме за време на тивкиот час? (Покажете им ја првата страна за да повторат- читање Библија, молитва, размислување)

*(Страна 6)*

Најнапред, ќе размислиме за тоа како да ја читаш Библијата за време на твојот тивок час за да му дозволиш на Бог да ти зборува. Има седум чекори. Како што ќе зборуваме за секој од нив, потрудете се да ги запишувате во вашите бележници. Кој ќе го прочита првиот чекор? (Моли се!)

Да, прво треба е да се помолиме пред да ја читаме Библијата. Дали знаеш зошто? Бидејќи е потребно да побараме од Бог да ни помогне да размислуваме за Него и да го разбереме Неговиот Збор.

Еве една молитва од Библијата (Псалм 119:18) "Отвори ми ги очите, во Твојот Закон да ги согледам убавините."

Можеш со една ваква молитва да го започнеш твојот тивок час, барајќи Бог да ти зборува од Неговиот Збор.

Сега, нека го прочита некој следниот чекор. . . (Читај!)

Откако се помоливме, ние сме подготвени да читаме од Библијата и да го чуеме она што Бог сака да ни го каже! Но како ќе знаеш од каде да читаш? Библијата е многу голема книга. Од каде ќе започнеш?

Па, ако порано не си ја читал многу Библијата, добро е да почнеш да читаш за Господ Исус, како Тој живееше додека беше на земјата. (Учителе, предложете го Евангелието по Марко или Јован).

Читањето на целата книга на овој начин, се разбира по неколку стихови на ден, е добра идеја. Некои луѓе имаат листи или картички кои што им кажуваат каде да читаат секој ден. Прочитај неколку стихови. Прочитај ги два или три пати за да бидеш сигурен дека ги разбираш.

Сега, третиот чекор - кој ќе го прочита? (Размисли!)

Да, размислувањето! Се сеќавате ли на еден друг, потежок збор што го употребивме порано? ("Медитира", размислува-видете на прва страна.)

Како што ќе ги читаш стиховите за тој ден, можеш да размислуваш за нив поставувајќи си ги следните прашања:

- Има ли некоја посебна **вистина** што можам да ја научам - можеби за Бог, или за мене, или за некој друг?

- Има ли некое посебно **ветување** од Бог што можам да го присвојам?

- Има ли некој **пример** кој што треба да го следам или избегнувам - некоја добра или лоша личност во случката?

- Има ли некоја **заповед** за која што Бог ми вели да ја послушам?

- Има ли некое **предупредување**, опасност или грев од кои што треба да се одвратам?

Можеш да бидеш вистински детектив користејќи прашања кои ќе ти помогнат да најдеш смерници во Божиот Збор. Овие смерници ќе ти помогнат да научиш повеќе за Бог и за сè она што Тој го бара од тебе. Следниот пат ќе научиме повеќе важни чекори во читањето на Библијата за време на твојот тивок час.

## Петти дел
# Како да ја читаш Библијата кога имаш тивок час (2)

Минатиот пат започнавме да зборуваме за тоа како да имаш тивок час. Без да погледнете во вашите белешки, можете ли да ми ги кажете првите три чекори во читањето на Библијата во твојот тивок час? Кој е првиот? (Моли се!)

Точно, прво треба да побараш од Бог да ти зборува преку сè она што ќе го читаш. Побарај Тој да ти помогне да се концентрираш на Него и на Неговиот Збор.

Кој е вториот чекор? (Читај!) Запомни, кога читаш текст, или дел од некоја глава во Библијата можеби ќе сакаш истите стихови да ги прочиташ два или три пати. Што треба да правиш додека читаш? (Да размислуваш за прочитаното.) Спомнавме неколку прашања кои што можат да ни помогнат да размислуваме на Божиот Збор додека го читаме. Кои беа некои од тие

прашања? ( Нека децата одговорат и дополнете го сè она што тие ќе го испуштат.) Дали во нив има некое ветување или посебна вистина за мене да ја научам? Има ли некој добар пример за мене во случката за кој треба да размислувам? Има ли заповед на која што треба да сум послушен или предупредување за опасност од некој грев?

Кога внимателно ќе ги прочиташ стиховите и кога на ваков начин ќе забележиш некоја посебна мисла, ти си подготвен за следниот чекор. Кој е тој? (Моли се повторно.)

Првиот пат се молеше Бог да ти помогне да го разбереш Неговиот збор, но овој пат ќе се молиш за сè она што го прочита.

*(Страна 7)*

Да претпоставиме, на пример, дека штотуку сте ја прочитале случката кога Господ Исус ги гледал луѓето кои ставале пари во црквената каса. (Учителе, прочитајте во Марко 12:41-44.)

Овде можеби ќе најдеш **добар пример** кој што можеш да го **следиш**. Оваа жена го даде за Бог сè она што го имаше. Ти можеш да се молиш вака: "Господе Исусе, јас немам многу, но сакам да бидам како оваа жена и да ти дадам сè што можам. Покажи ми како да го следам овој пример."

Или можеби си прочитал за Јуда, еден од учениците на Господ Исус, кој одлучи да го предаде на Неговите непријатели. (Прочитајте во Марко 14:10-11.)

Има ли тука некоја посебна порака која треба да ја запомните? (Нека децата одговорат.)

Добро. Можеби тука најде **лош пример** кој треба да го **избегнуваш.** Тогаш твојата молитва може да биде вака:

"Господе Исусе те молам дај ми сила да живеам како што Ти сакаш и никогаш да не те предадам. Помогни ми да го избегнам овој лош пример денес; и сè она што ќе го зборувам и правам да Ти покаже колку те сакам."

## Шести дел
# Како да ја читаш Библијата кога имаш тивок час (3)

*(Учителе, накратко повторете ги трите чекори спомнати на претходниот час, а потоа продолжете).*

Откако сте се помолиле за прочитаниот текст, може ли некој да каже што следи потоа? (Запишување!)

Да, да ги запишеш твоите посебни мисли, за да го запомниш она што Бог ти го кажал.

Тоа можеш да го сториш на следниот начин: (Учителе, имајте лист хартија на кој што ќе им објасните на децата како да ги водат своите забелешки во тетратката за тивок час.)

На горниот дел од твојата страна запиши го датумот и местото од каде што читаш тој ден, на пр. Марко 12:41-44 или Марко 14:10-11.

На следната линија, стави наслов: "Посебна мисла".А потоа оддолу напиши го стихот што особено многу ти значи и неколку зборови за она за што си се молел.

Сега да го разгледаме шестиот чекор - кој е тој? (Научи!)

Уште еднаш добро погледни го текстот. Повторно прочитај го она што си го запишал во својата тетратка. Запрашај се: "Што јас навистина научив? Има ли нешто што Бог ми кажува да правам? Има ли некој грев во мојот живот од кој што треба да се одвратам? Што Бог навистина ми вели? "

Овој е начинот на кој што **учиме** од Божјиот Збор, кога одблизу го разгледуваме она што Бог сака да ни го каже.

Можеби ќе сакаш овде да одвоиш и неколку минути за да ги повториш стиховите кои си ги научил напамет- а тоа е исто така нешто што Бог сака да го научиме!

Напиши го она што си научил од денешниот тивок час. . . и тогаш си подготвен за последниот чекор. Кој е тој? (Послушај!)

Да, последниот чекор е најважен од сите, а причината за тоа ја наоѓаме во Библијата. (Нека некое дете прочита од Јаков 1:22). Господ Исус сака да го правиме сето она што Тој ни го кажува во Неговиот Збор, за Тој да може да ги менува нашите животи од ден на ден и да нè прави што послични на Него. Господ Исус исто ни вели (во Јован 14:21), дека ако навистина го сакаме, треба да му бидеме послушни.

## Седми дел
## Повторување

Бидејќи имаше многу поучување во четвртиот и петиот дел, ви предлагаме оваа недела да ја искористите за повторување. Тоа може да го направите со некои примери - дозволувајќи им на децата да земат учество во читањето на текстови, наоѓањето на посебни мисли, во размислување што значи за нив тоа.

Примери

Марко 10:35-37. Можеби овде децата ќе пронајдат **лош пример кој што треба да го одбегнуваат** - себичност.

Марко 10:42-45. **Добар пример кој што може да се следи** - понизност на слуга.

Марко 10:46-52 **Посебна вистина** - Исус нè љуби и сака секому да помогне, вклучувајќи те и тебе.

Марко 16:9-15 **Заповед која треба да се послуша** - зборувај му на секого за Евангелието.

Јован 14:1-6 **Ветување за мене**:
- ветување на небо (стих 2);
- ветување за Христовото враќање (стих 3);
- ветување спасение на оние кои доаѓаат кај Бог преку Христос (стих 6).

## Осми дел
## Како да се молиш

Што е тивок час? (Нека децата одговорат: посебно време кога можеш да бидеш насамо со Бог, да ја читаш Библијата и да се молиш.)

Точно, тоа е време на споделување, кога го слушаш Бог и разговараш со Него во молитва.

Научивме седум чекори за тоа како да ја читаме Библијата. Денес ќе зборуваме за тоа како да се молиме.

*(страна 8)*

Сакам како детективи да слушнете една информација за едно дете христијанин кое се викаше Лазе. Слушнете што можеме да научиме за молитвата од овие факти.

Лазе беше христијанин. Тој во Клубот на Добрите Вести слушна дека треба да има тивок час. И така, тој се молеше секогаш кога можеше. Тој дури направи листа на која ги имаше запишано имињата на сите членови од неговото семејство. Неговиот најмал брат сè уште го немаше примено Господ Исус за свој Спасител и Лазе се молеше тој наскоро да го стори тоа. Тој исто така се молеше и за своите родители. Тие беа христијани, и тој знаеше дека ним им е потребна помош и сила секој ден да живеат за Бог, како што живееше и тој .

Под своето сопствено име на листата за молитва, Лазе имаше запишано три нешта за кои особено сакаше Бог да му помогне токму сега . . . испитот на училиште, неговиот брз темперамент, и неговата желба да оди во летен камп. Тој знаеше дека Бог е заинтересиран за сите овие работи и дека Тој е способен да одговори на неговите молитви.

Што му помогна на Лазе да има добро време на молитва? (Направи листа за сè она што бараше од Бог.)

Дали имаш ти таква листа? Што би ставил на неа доколку ја направиш? (Нека децата ги дадат своите идеи - помогнете им ако е потребно.)

Има многу работи за кои можеме да се молиме - но дали забележавте дека во сите спомнати работи ние само бараме од Бог? Дали е тоа единствен начин на кој што треба да се молиме? Дали е тој најдобриот начин?

Следната страна на книгата ќе ни даде предлози за разни видови на молитви што можеме да ги имаме за време на нашиот тивок час.

*(Страна 9)*

Првиот збор е "славење". Треба да започнеме со ова. Не само со еден список на кој го имаме запишано сè она што го бараме од Бог.

Да, Бог е велик и добар, Тој е полн со љубов и им е верен на Неговите деца. Можеш да го славиш кажувајќи му колку го љубиш. Да го славиш Бог значи да го издигнуваш Него, да му кажеш дека сè што мислиш за Него е прекрасно.

Што доаѓа потоа? (Благодарност.)

Дали си благодарен за сè она што Бог ти дава и што веќе ти дал? Биди сигурен да му кажеш. Кога ќе видиш дека ти одговорил на твоите молитви, одвои време да му благодариш.

Зошто мислиш дека е потребно да одвоиш време за да му кажеш на Бог дека ти е жал за сторените гревови? (Водете ги децата во нивното размислување.)

Дали некогаш си почуствувал дека немаш желба да се молиш или дека не можеш да се молиш, дури и ако се обидуваш? Тоа најчесто е така бидејќи си направил нешто лошо и затоа најнапред е потребно да му кажеш на Бог дека навистина ти е жал. Не дозволувај тоа нешто да те оделува од Бог за долго време. Непотребно е да си разочаран или да се чувствуваш поразен. Господ Исус ти кажува што да правиш. (Нека некој прочита од 1. Јованово 1:9).

"Да исповедаш" значи да му кажеш на Бог за она што си го сторил, да признаеш дека тоа е грев и дека е против Него. Тогаш Тој ветува дека ќе те очисти од тој погрешен збор или дело. Тој ти простува веднаш штом ќе побараш. Тогаш можеш да му заблагодариш што ти простил и повторно да започнеш да го славиш.

Дојдовме до последниот збор во однос на молитвата, со оној со кој започнавме (барање). Оваа книга го става овој дел од молитвата како последен - каде што всушност и припаѓа! Тоа не значи дека не е важен! Бог нè љуби и секогаш е спремен да ни помогне;  Тој сака да ги чуе нашите барања упатени кон Него.

## Девети дел

# Што ми е потребно за Тивок Час?

Досега испитавме ШТО е тивок час и разгледавме неколку заклучоци ЗОШТО е потребно да го имаме и на кој начин.

Дали си заинтересиран да започнеш да имаш тивок час? Ако си, денешното прашање ќе биде посебно за тебе.

*(Страна 10)*

Што ми е потребно?

Прво и најважно, потребен си ти! Дали навистина го познаваш Господ Исус за твој Спасител? Ако не го познаваш, а имаш прашања за тоа како можеш да поверуваш во Него, ќе ми биде задоволство да ти одговорам од Библијата откако ќе заврши часот. (Учителе, бидете на располагање за оние кои што имаат прашања).

А ако го имаш примено Господ Исус како свој Спасител, имам едно друго многу сериозно прашање за тебе. Дали сакаш подобро да го запознаеш Господ Исус и да научиш да живееш за Него? Тоа е многу важно, инаку лесно ќе се откажеш да го имаш својот тивок час.

Запомни, потребно ти е ТИВКО МЕСТО и ПОСЕБНО ВРЕМЕ за твоето време на споделување со Бог. Размисли за ова и запиши ги во твојот бележник најдоброто време и место за среќавање и споделување со Господ Исус.

Сега сме подготвени да размислуваме за други работи кои што ни се потребни за тивок час.

*(Страна 11)*

Потребна ти е Библија. Дали ја имаш? (Учителе, размислете однапред што ќе им предложите на оние кои што немаат Библија или пак дел од Писмото).

Заедно со Библијата, добро е да имаш и водич за нејзино читање. Како што веќе ви кажав, некои луѓе употребуваат посебна листа која што им кажува од каде да читаат секој ден.

Овие мали книги "Секојдневен леб" ти кажуваат од каде да читаш, а во нив има и

по една приказна или објаснување кои што ќе ти помогнат да ја разбереш Библијата читајќи ја секој ден. (Учителе, имајте на располагање повеќе од овие книшки. Нив можете да ги набавите од Македонската Мисија за Евангелизација на Деца, П. Фах 199, 91000 Скопје.)

Потоа, ќе ви бидат потребни бележник и пенкало. Можеш ли да се сетиш зошто? (Да ги запишеш твоите посебни размислувања и сè она што ќе го научиш).

Точно, потребно е да го забележиш она што си го научил, и потоа да станеш послушен на Божјите Зборови. Бележникот која што ќе ја користиш за тивок час е нешто што ќе сакаш да го чуваш за долго време. Можеш повеќе пати да го прочиташ за да го запомниш она што Бог те поучувал.

Сега веќе знаеш сè! Слушна како можеш да имаш тивок час и научи многу за тоа посебно време на споделување со Бог. Дури имаш и забелешки во својот бележник кои што ќе ти помогнат да запомниш.

Но само ти можеш да го имаш својот тивок час - никој друг не може да го стори тоа за тебе. Зошто не започнеш уште од денес ако досега сè уште не си имал? Следниот пат кога ќе зборуваме за тивок час, можете да ни кажете како го поминавте вашето време со Бог, или пак ќе сакате да споделите со нас нешто што Бог ве поучил од Неговиот прекрасен Збор.

## Десети дел

Поминете време слушајќи ги искуствата на оние кои што започнале да имаат Тивок Час. Одговорете на секое прашање што децата ќе ви го постават и водете ги во нивното одговарање.

Молете се за децата наскоро да бидат утврдени во нивниот христијански живот, и тивкиот час да стане нивна животна навика.

Давајте им многу охрабрување и помош низ целиот овој период. Запомнете дека треба многу време да создадете нови навики и начин на однесување. Молете се и бидете трпеливи!

## Единаесети дел

Накратко повторно повторете ги страниците од визуелното помагало "Тивок Час". Имајте на располагање Библии како и од малите брошури "Секојдневен леб за децата". Продолжете да ги охрабрувате децата да си создадат навика за да имаат тивок час.

Немојте да се изненадите ако во текот на првите седмици само неколку деца имаат тивок час. Или пак оние што започнале го прават тоа само 2 или 3 пати неделно. Пружете охрабрување! Пофалете ги за нивниот напредок!

Читањето не е лесна работа за многу деца, па затоа им треба големо охрабрување. Дури и да ја читаат Библијата едаш или двапати неделно, подобро е отколку воопшто да не ја читаат!

# Преглед на сооветувањето

(чувајте го во Библијата)

### Осигурете се дека детето има разбирање за:

**Бог**
Кој е Бог?
Бог нè создал. Тој ни зборува преку Библијата.
Бог е свет и праведен. Тој нè љуби.
**Гревот**
Што е грев?
Гревот е непослушност кон Божјите заповеди. Тој е против Бог.
Зборувај за конкретни гревови.
Тоа е грешник.
Гревот заслужува казна.
**Спасителот**
Кој е единствениот кој може да те ослободи од гревот?
Зошто Тој може да го земе твојот грев?
Бог Синот умре на крстот за грешниците.
Господ Исус  воскресна од мртвите. Тој е Господар над сè.

### Објасни како може да се спаси:

Објасни што бара Бог да направиме *ние*, а што ќе направи *Тој*.
**Употреби библиски стих**
(Јован 1:12; 3:16; 6:37; Дела 16:31; Римјаните 6:23; 10:13).
Што Господ сака ти да направиш?
Што ќе направи Господ?
**Предупредување за тешкотиите**
Прашај: "Сакаш ли да го примиш Христос, или да почекаш?"
Охрабри го детето да се моли гласно *(ако е подготвено)*.

### Зборувај за сигурноста на спасението

Врати се на користениот библиски стих.
Зборувај за променетиот живот.
Кажи му што може да знае оној кој навистина поверувал во Христос.

### Дај му (подоцна) неколку совети за христијанскиот живот

Читај ја Библијата и биди ѝ послушен.
Зборувај со Бог, нашиот Небесен Татко.
Кажи им на други што Бог направи за тебе.
Барај Бог да ти прости кога грешиш.
Среќавај се со други христијани.
Запомни го Божјето ветување: "Нема никогаш да те напуштам."